ОПШТИНА ОХРИД
Бр. 04 – 11130/13
17 .07. 2023 година
О х р и д

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Секретарот на Општина Охрид донесе:

О Д Л У К А
за избор на кандидат по интерен оглас за унапредување
административен службеник

1. Кандидатот Ангела Радиќ Фармак се избира за работното место **Советник за стратешко планирање на локалниот економски развој УПР 01 01 В01 000,во Одделение за локален економски развој- Сектор за туризам и локален економски развој.**
2. Оваа одлука ќе се објави на веб страната на Општината.

О б р а з л о ж е н и е

Општина Охрид на својата веб страната и веб страната на Агенцијата за администрација на ден 28.06.2023 година објави интерен оглас број 2/2023 за унапредување на административен службеник за работното место **Советник за стратешко планирање на локалниот економски развој УПР 01 01 В01 000, Одделение за локален економски развој- Сектор за туризам и локален економски развој**.

Комисијата за селекција на ден 14.07.2023 година спроведе административна селекција за интерен оглас (записник бр. 04-11301/1 од 14.07.2023) и интервју за унапредување на административен службеник (записник бр.04-11301/2 од 14.07.2023).

Врз основа на резултатите од спроведените фази за унапредување, Комисијата за селекција изготви финална ранг-листа и предлог за избор на кандидатот АНГЕЛА РАДИЌ ФАРМАК на работното место **Советник за стратешко планирање на локалниот економски развој УПР 01 01 В01 000, Одделение за локален економски развој- Сектор за туризам и локален економски развој**, кој во законскиот рок го достави до Секретарот заради избор на кандидат.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Поука за правно средство:** Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на нејзиното објавување на веб-страната на Општината.

СЕКРЕТАР,
Александар Китески

Одобрил:Раководител Лидија Грданоска
Изготвил:Пом соработник Владимир Ристески
Доставено до:- кандидатот- Одделение за УЧР-Архива